**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

***Број 0803 – 142/6***
***Скопје 02 – 07- 2009 година***

**ДО**

**АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ - МАПАС**
**СКОПЈЕ**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување - МАПАС (во натамошниот текст Агенција), кои ја опфаќаат сметката за самофинансирачки активности, а кои се прикажани на страните од 4 до 6.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Државниот завод за ревизија нема извршено ревизија на финансиските извештаи на Агенцијата за 2007 година како година која и претходи на годината што е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај, се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај застапувано од:
   - Зорица Апостолска - директор на Агенцијата до 16.07.2008 година
   - Спиро Ристовски - заменик директор од 16.07.2008 до 01.08.2008 и
   - Булент Дервиши - директор од 06.11.2008 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 3, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Конечен извештај е извршена во периодот од 09/04/2009 до 15/05/2009 година од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   - ✓ дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
   - ✓ дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишна сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со прифатени и спроведени корекции од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховните ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување - МАПАС, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Неправилности во искажувањето на позициите во билансот на состојбата**

10.1.1. Ревизијата констатира неправилности врз извршениот попис со состојба на 31.12.2008 година и тоа:

- ✓ Пописните листи кои се потпишани од пописната комисија не содржат вредносни показатели потребни да се изврши усогласување на сметководствената со фактичката (пописната) состојба на опремата, што е спротивно на одредбите од Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници;
- ✓ Пописната комисија не извршила попис и сметководствено усогласување на побарувањата и обврските што е спротивно на одредбите од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници. Имено, пописната комисија не извршила проверка на реалноста на искажаните износи на побарувања и обврски, не ги утврдила причините за неблаговремена наплата и плаќање на истите, не ја утврдила нивната старосна структура, како и преземените активности за нивна наплата односно плаќање.

Неизвршениот или нецелосно извршениот попис влијае на нереално и необјективно искажување на податоците во финансискиот извештај Биланс на состојба на ден 31 декември.

**Препорака:**

Одговорното лице да ги преземе следните активности:

- ✓ Пописот на средствата и изворите на средствата да се извршува согласно Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници, водејќи сметка за внесување на сите потребни податоци во пописните листи, неопходни за усогласување на сметководствената со фактичката состојба;

- ✓ Пописната комисија во соработка со вработените од одделението за административно-финансиски работи да преземе активности, пописот на побарувањата и обврските да се извршува согласно законските прописи.

11.Според наше мислење, освен за изнесеното во точката 10.1.1. финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската состојба на Агенцијата за 2008 година и резултатот од финансиските активности за фискалната 2008 година.

12. Според наше мислење, остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции за 2008 година.

13. Вкупниот нето ефект од прифатените и спроведените корекции од страна на субјектот со извршената ревизија врз Билансот на состојба е зголемување на вкупната актива и пасива за 3.554 илјади денари односно:

- ✓ зголемување на состојбата на позицијата Опрема за 7.268 илјада денари;
- ✓ зголемување на состојбата на позицијата Акумулирана амортизација на опремата за 3.714 илјади денари;
- ✓ зголемување на состојбата на Државен-јавен капитал за 3.554 илјади денари.

**14. Обелоденување:**

Агенцијата во периодот од 2003 до 2005 година има склучено договор и два анекс договори кон основниот договор со „Интекс“ АД Скопје, за користење деловен простор под закуп со вкупна површина од 284 м2. За овој простор Агенцијата месечно плаќа 3.100 евра или 2.288 илјади денари на годишно ниво, што претставува значителен трошок. Имајќи предвид дека Агенцијата на крајот на 2008 година има остварено вишок на средства на сметката, во износ од 37.384 илјади денари, сметаме дека треба да се наметне прашањето за обезбедување на сопствен објект. Наведеното ќе предизвика намалувањето на трошоците, што е во рамките на начелата наведени во Законот за извршување на буџетот на Република Македонија, рационално, економично и ефикасно користење на средствата.

Скопје, 01/07/2009 година


*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211 -262; факс 3126-311;*

*Овластен државен ревизор*

_________________________

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2008 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2008 | 2007 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 26,066 | 31,216 |
| Трансфери и донации | 26,765 | 11,764 |
| **Вкупно приходи** | **52,831** | **42,980** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 7,530 | 5,682 |
| Стоки и услуги | 7,850 | 9,857 |
| Субвенции и трансфери | 0 | 449 |
| **Вкупно тековни расходи** | **15,380** | **15,988** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 67 | 227 |
| **Вкупно капитални расходи** | **67** | **227** |
| **Вкупно расходи** | **15,447** | **16,215** |
| **Остварен вишок на приходи** | **37,384** | **26,765** |

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ** **во 000 денари**

| Опис на позицијата | 2008 | 2007 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 37,384 | 26,765 |
| Побарувања | 2,878 | 3,146 |
| Активни временски разграничувања | 863 | 948 |
| **Вкупно тековни средства** | **41,125** | **30,859** |
| **Постојани средства** | | |
| Нематеријални средства | 352 | 324 |
| Материјални средства | 25,062 | 22,322 |
| **Вкупно постојани средства** | **25,414** | **22,646** |
| **Вкупна актива** | **66,539** | **53,505** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 192 | 245 |
| Краткорочни финансиски обврски | 38 | 76 |
| Обврски спрема државата и други институции | 4 | 9 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 630 | 618 |
| Пасивни временски разграничувања | 40,521 | 30,171 |
| **Вкупно тековни обврски** | **41,385** | **31,119** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 25,154 | 22,386 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **25,154** | **22,386** |
| **Вкупна пасива** | **66,539** | **53,505** |

## ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2008 ГОДИНА

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Вкупно |
|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2008 година** | **22,386** | **22,386** |
| **Зголемување по основ на:** | **9,480** | **9,480** |
| Набавки во текот на годината | 83 | **83** |
| Подарок | 5,843 | **5,843** |
| Прифатени корекции од ревизија | 3,554 | **3,554** |
| **Намалување по основ на:** | **6,712** | **6,712** |
| Амортизација | 6,712 | **6,712** |
| **Состојба 31.12.2008 година** | **25,154** | **25,154** |


*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211 -262; факс 3126-311;*

*Овластен државен ревизор*